**ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА  И СПРАВУВАЊЕ СО РАЗЛИЧНИ  ФОРМИ НА МАЛТРЕТИРАЊЕ – БУЛИНГ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Анти-булинг програмата е документ кој ги опфаќа целите, филозофијата, структурата и компонентите на една програма за ефективно справување со различни форми на  малтретирање и булинг во училиштето. Програмата е наменета за сите директно присутни во училиштето – ученици,  наставници и друг персонал во училиштето, но и другите кои се индиректно вклучени, како родители, други училишта и институции во локалната заедница со кои училиштето остварува соработка. Програмата опфаќа мисија и визија на училиштето со акцент на развивање на политика и став на нетолеранција на насилството и развива стратегии, постапки и активности на училиштето ориентирани на учениците, наставниците и родителите.

## Цели на анти-булинг програмата

- ☐ да придонесе кон креирање на атмосфера и став на неприфаќање и нетолеранција на било каква форма на малтретирање и вознемирување во училиштето
- ☐ да понуди јасни дефиниции на различните форми на малтретирање и булинг во училиштето и поттикне развивање на свесноста за нивно  препознвање кога се случуваат
- ☐ да се даде поддршка на учениците кои се жртви на некоја форма на малтретирање, преку зајакнување на личната компетентност да кажат НЕ на малтретирањето и вознемирувањето
- ☐ да се даде поддршка на учениците кои применуваат некоја форма на вознемирување и малтретирање преку учење на ненасилни облици на комуникација, дружење и разрешување на конфликти и проблеми во социјалните односи
- ☐ да  вложува во развивање на свесноста кај наставниците за препознавање на различните форми на вознемирување и малтретирање, како и на компетентноста за соодветна интервенција и разрешување
- ☐ да се создаде посигурна и побезбедна атмосфера на работа во училиштето

- ☐ да се промовира чувство на припадност и прифаќање кај учениците со што би се истакнала поврзаноста со училиштето
- ☐ да се креираат модели на поддршка на родителите и поголемото нивно вклучување во решавањето на потешкотиите со кои нивните деца се соочуваат
- ☐ да се развиват ефективни модели на моментна интервенција, истражување на инцидент и конфронтирање со учениците кои манифестираат некој облик на вознемирување и малтретирање.

## Филозофија и принципи на анти-булинг програмата

* безбедноста и добросостојбата на сите присутни во училиштето е една од главните грижи и одговорности на училишната заедница

* почитувањето е основна вредност според која се раководиме при комуникацијата и пристапувањето на конфликтите кога тие се случуваат во училиштето

* еднаквост и недискримнација кон сите ученици, вработени и други присутни во училиштето се водечки принципи при работата и комуникацијата

* јасен и единствен став на нетолеранција кон било каков облик на насилство и насилна комуникација

За да се обезбеди одржливост и општа подготвеност во придржувањето на поставените принципи и филозофија на ненасилна комуникација потребно е јасно препознавање и разликување  на различните форми на несоодветно однесување.

***Булингот*** е форма на отворено агресивно однесување кое се манифестира намерно, со нанесување на повреди – физички и психички и опстојува, односно, покажува упорност во одржувањето. Булингот се манифестира преку вознемирување и малтретирање, при што учениците кои се жртва на булинг трпат различни облици на задевање, навредување, потценување,  физичка или психичка изолација, како и други облици на физички напад или непријатности – потчукнување, подбутнување, сопињање, криење на лични предмети, но и други посериозни облици на физички напад кои водат до појава на модринки и други телесни повреди. Некогаш некои од учениците можат да бидат во толкава  мера повредени и од една единствена случка и истата да ги промени за целиот живот.

При идентификувањето на несоодветното однесување потребно е да се препознаат учениците кои трпат, односно, се жртви на некоја форма на булинг, како и учениците кои покажуваат отворено или прикриено некоја форма на булинг. При идентификувањето на обете групи на ученици, сепак треба да се избегне етикетирање на учениците како жртви, односно насилници, туку како ученик/чка кој е малтретиран/на или ученик/чка кој/ја малтретира или применува некоја форма на вознемирување.

Клучна цел при идентификацијата е да се пружи поддршка и помогне на трите групи на учениците кои се вклучени на некој начин во ситуацијата  на булинг :

- учениците кои трпат или се жртва, да научат да одолеат и да се спротивстават на учениците кои се поприфатени, попопуларни и помоќни, а лошо ги третираат другите.
- учениците кои манифестираат некоја форма на булинг, да учат да развиваат повеќе емпатија и сочувство со своите врсници
- како и на учениците кои се сведоци на некоја форма на булинг, како да се спротивстават и да кажат НЕ кога сведочат на некоја форма на вознемирување.

## Акционен план за третирање и справување со различни форми на малтретирање и булинг во училиштето

| Активности | Вклучени лица | Временска рамка | Индикатори за постигнатото | Мониторинг и евалуација |
|---|---|---|---|---|
| **1.Формирање на административна база за регистрирање, евидентирање и документирање на податоци за забележани или пријавени случаи на булинг и малтретирање и настанати инциденти**<br><br>-Изготвување на соодветна документација | тим за справување со насилство | септември- | -Изготвена соодветно осмислена документација | одговорно лице од Сектор за образование при Град Скопје<br><br>директор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за регистрирање на забележани или пријавени случаи на малтретирање и булинг<br><br>-Креирање на стратегии за анализа на регистрираните податоци<br><br>- Собирање на база на податоци  базирани на истражувања и докажани стратегии на превенција и реакција<br><br>- Идентификување на силеџиииите, жртвите и оние кои следат и оние кои игнорираат | Стручна служба<br><br>класни раководители<br><br>наставници<br><br>ученици | октомври<br><br>ноември-април<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | за евидентирање на пријавени случаи или истражени случаи и инциденти<br>-документ во кој е опишана стратегија на училиштето за анализа на постоечките податоци<br><br>-документи со забележани и опишани настани/инциденти со вклучени лица и опис на постапки | |
| **2. Реакција и брза  интервенција во случај на појава на било која  форма на насилство - физичко, вербално, социјално, релационо и електронско**<br><br>-развивање на  **интервентни планови** кои ќе овозможат брза и конзистентна интервенција на возрасните<br><br> -Изработка на Протокол за кризна интервенција и имплементирање на истиот | октомври-март<br><br>октомври | психолог/педагог<br><br>ученици<br><br>наставници<br><br>класни раководители<br><br>директор | -Документ во кој е опишан интервентен план за брза реакција во случаи на булинг<br><br>-Изработен Протокол за кризна интервенција | Одговорно лице од Сектор за образование при Град Скопје<br><br>директор<br><br>просветен инспектор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-Конзистентна примена на систем на последици** – негативни за несоодветно однесување и позитивни за посакувано однесување.<br><br>-брза реакција на сите форми на булинг или булинг ситуации – ученик-ученик, ученик-наставник, наставник-ученик, наставник-наставник<br><br>- вклучување на процедури со кои ќе се истражуваат гласини, проверка на дојавени или наслушнати проблеми и непроверени приказни за булинг, како и соодветен одговор на појави на булинг кога ќе се забележи дека се случува<br><br>**Цели:**<br><br>-одржување на ,,клима на соопштување“, јакнење на перцепција кај учениците дека наставниците и родителите се сигурни места каде децата ќе добијат помош доколку се пожалат или имаат некој проблем<br><br>-креирање на училница во која сите ученици се чувствуваат прифатени, со чувство на припадност и сигурност | во текот на учебната година | родители | -педагошка документација и др. пишани извори ( записници, извештаи и сл.)<br><br>-Изработен документ во вид на процедура на конкретна реакција за истражување на гласина или наслушнат проблем | |
| **3. Промовирање на програмата и целите** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **и зголемување на свесноста за имплементацијата на Анти –Булинг програмата**<br><br>**-** работа на зголемување на свесноста за анти - булинг однесување преку трибини и дебати<br><br>-одржување на работилници за наставничкиот персонал со наменски анти-булинг теми<br><br>- дискусии и теми поврзани со анти-булинг политката  застапени на класните часови во секоја година<br><br>- организација на класните часови наменети за решавање на тековните проблеми или конфлкти<br><br>-развивање на стратегии на подржување на однесување кај учениците со кое кон другите ќе се однесуваат на начин како што сакаат кон нив да се однесуваат<br><br>- поставување во вид на ПДФ фајлови на веб страната на училиштето разновидна документација за поддршка во материјали за учениците, наставниците, родителите | -по една трибина или дебата во полугодие<br><br>-јануари<br><br>- во текот на учебната година<br><br>- во текот на учебната година<br><br>- во текот на учебната година | психолог/педагог<br><br>ученици<br><br>наставници<br><br>класни раководители<br><br>директор<br><br>членови на Училишен одбор | -извештај од реализирана трибиба или дебата на тема булинг и надминување<br><br>-извештај од реализирана работилница со наставничкиот персонал<br><br>-заведена тема со анти-булинг содржина во дневниците на паралелките<br><br>-заведена тема со наслов справување и решавање конфликти во дневниците на паралелките<br><br>-пишан документ во кој е опишана стратегија на работа со ученици за начини на позитивна комуникација и врсничка поддршка<br><br>-извештаи од | Одговорно лице од Сектор за образование при Град Скопје<br><br>директор<br><br>просветен инспекто<br><br>психолог/педагог |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| -Организирање на презентации пред Училишниот одбор<br><br>**Цели:**<br><br>**-** зголемување на свесноста за имплементацијата на анти-булинг програмата и нејзината реализација кај целиот персонал во училиштето, учениците и родителите<br><br>- возрасните со своето однесување да се модел за другите и за начините како да се однесуват едни со други. Секогаш има последици кога возрасните даваат лоши примери. | | | реализирани разговри со ученици или паралелки<br><br>-поставени ПДФ фајлови со соодветна содржина на Веб страната на училиштето<br><br>-извештаи од состаноци на Училишниот одбор | |
| **4. Работа со учениците**<br><br>**-**Работа со ученици и давање на поддршка на учениците кои се ***жртви на насилство***<br><br>-Работа со ученици и давање на поддршка на учениците ***кои применуваат некоја форма на насилство***<br><br>-Организирање на активности на класни часови и други форми на заедничка работа за јакнење на подготвеноста на ***учениците кои се посматрачи*** да завземат поактивна улога во запирањето | -во текот на учебната година | -тим за справување со насилство<br><br>-психолог/педагог<br><br>-ученици | -извештаи од реализирани разговори со ученици<br><br>-заведени часови со соодветни теми во дневниците на паралелките | Одговорно лице од Сектор за образование при<br>Град Скопје<br><br>директор<br><br>просветен инспектор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на различните форми на малтретирање<br><br>-Развивање на  стратегии за јакнење на ученичката вклученост и план за самојакнење на учениците преку училишната заедница<br><br>-Реализација на часови и други облици на групна работа на кои ќе се работат теми кои подразбираат: емпатичност, менаџирање на бесот, поттикнување на пријателство, поддршка на учениците жртви на насилство, промена на однесување кај ученици кои малтертираат, едукација за родителите, вклучување  на заедницата<br><br>-Реализација на состаноци со Училишната заедница за запознавање со програмата и зголемување на свесноста и вклученоста<br><br>**Цели:**<br><br>-креирање на училница во која сите ученици се чувствуваат прифатени, со чувство на припадност и сигурност<br><br>-давање поддршка на учениците кои се жртви на насилство<br><br>-учење на учениците кои се жртви на насилство како да не бидат беспомошни и | | -класни раководители<br><br>-родители<br><br>-Училишна заедница | -документ во кој е опишан План за самојакнење на учениците<br><br>-Извештај од одржани состаноци со Училишна заедница | педагог/психолог |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| да се спротивстават<br><br>-работа на промена кај учениците кои малтретират | | | | |
| **5. Поддршка и работа со наставници**<br><br>-реализација на средби и работилници за јакнење на персоналот со насоки секојдневно да адресираат на правилно однесување на пр. да се пофали  ученик кој бил жртва на малтретирање за некоја самоподдржувачка постапка или добра постапка на ученик кој бил познат како насилник, да им се погне на учениците да ги увидат особините кои им се заеднички и ги зближуваат, да им се поделат листи со добри особини со цел насочување кон просоцијално однесување и правилни ставови<br><br>-Организирање на заеднички средби меѓу наставници или наставници-ученици за разгледување на проблеми, работа со фокус групи  или посебни часови наменети за дискусии за теми поврзани со булинг, конфликти  и разрешување на конфликти, | -јануари<br><br>-ноември-април | наставници<br><br>психолог<br><br>ученици | -извештаи од одржани работилници или друг вид на групна/заедничка работа во училиштето | Одговорно лице од Сектор за образование при Град Скопје<br><br>директор<br><br>просветен инспектор<br><br>педагог/психолог |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| постигнување на консензус, да ги изразат своите мисли преку есеи на различни теми и сл<br><br>**Цели:**<br>да го стимулира **активниот приод на сите субјекти** било да е тоа релација ученик-ученик или ученик-возрасен, | | | | |
| **6. Поддршка на родителите**<br><br>-Развивање на стратегии за зголемување на вклученоста на родителите<br><br>-Презентации за јакнење на свесноста кај родителите  и **Промовирање на програмата и целите,** како и напредувањето  во напорите пред родителите<br><br>**-** Поставување во вид на ПДФ фајлови на веб страната на училиштето разновидна документација за поддршка во материјали за учениците, наставниците, родителите | **-**ноември-март<br><br>-почеток на ноември – крај на март<br><br>-во телот на учебната година | родители<br><br>педагог/психолог<br><br>тим за ненасилство | **-**Документ во кој е опишана стратегија за зголемување на вклученоста на родителите<br><br>-извештаи од одржани состаноци или активности<br><br>-изработени документи со соодветни препораки и поставени на Веб страната на училиштето | Одговорно лице од Сектор за образование при<br>Град Скопје<br><br>директор<br><br>просветен инспектор<br><br>педагог/психолог<br><br>родители и ученици |

## Стратегија за надзор на училишните простории

- училиштето  има служба за обезбедување со лица кои во текот на целиот работен ден обезбедуваат надзор на влезовите и излезите

на училиштето, училишните ходници и училишниот двор

- поставување на камери на влезовите и излезите од училиштето и одредени делови од училишните ходници
- определување на дежурство на наставниците во училиштето за време на часовите и на училишниот двор за време на големиот одмор
- се применува повремена и ненајавена контрола  во училишните ходници од страна на директорот, помошникот директор, педагогот, психологот за увид во начинот на обезбедување на дежурството и состојбата во училишните ходници
- наставникот за време на часот  ја следи состојбата во училницата и со својот авторитет обезбедува непречено одвивање на наставата и навремена и соодветна реакција во случај на настанат проблем или инцидент на часот

## План за реакција на - лице место – ситуација

| Опис на ситуација | Реакција на училиштето | Вклучени лица |
|---|---|---|
| *Училиштето има изготвено **Протокол за постапување во случај на насилство или насилно однесување** во училиштето со прецизен опис на постапки и мерки | *Училиштето има изготвено и **Протокол за кризна интервенција** за постапување во случаи и инциденти кои по својата природа се вонредни и ги вклучуваат учениците и другите присутни во училиштето | |
| **1. Настанат конфликт меѓу ученици за време на часот - вербален конфликт, физичка пресметка – употреба на предмети и училишен инвентар при конфликтот** | 1. Наставникот кој е во просторијата интервенира со повикување до учениците да се смират<br>2. Праќање на дежурниот ученик да го повика обезбедувањето/дежурен наставник или педагог/психолог доколку учениците кои го започнале конфликтот  не се смируваат по барањето на наставникот<br>3. Праќање на учениците во Стручната служба на | - ученик<br>- наставник<br>- педагог/психолог<br>- директор<br>- службено полициско лице<br>- родител |

| | | |
|---|---|---|
| | разговор кај педагог/психолог или кај директор во зависност од тежината на постапката или сериозноста на инцидентот<br>4. Повикување телефоните на службите за итна помош – полиција, итна помош доколку за тоа има потреба<br>5. Повикување на родителите на учениците кои кои биле вклучени во конфликтот | |
| **2. Настанат конфликт меѓу ученици во училишните ходници -  вербален конфликт, физичка пресметка** | 1. Дежурниот наставник ги повикува учениците да прекинат со конфликтот<br>2. Се праќа ученик да повика лице од обезбедувањето и помогне во смирувањето на настанатиот конфликт<br>3. Се повикува педагодот/психологот, помошник директор или директор во зависност од сериозноста на настанатиот инцидент<br>4. Се праќаат учениците кои се набљудувачи во училниците<br>5. Се повикуваат учениците вклучени во инцидентот во просториите на педагошко-психолошката слушба или просторијата на директорот<br>4. Повикување на телефоните на службите за итна реакција – полиција, итна помош доколку за тоа се покаже потреба<br>5. Повикување на родителите на учениците кои биле вклучени во конфликтот | - ученик<br>- наставник<br>- педагог/психолог<br>- директор |
| **3.Настанат конфликт меѓу учениците во** | 1. Дежурниот наставник ги повикува учениците да го | |

| | | |
|---|---|---|
| **училишниот двор за време на големиот одмор** | прекинат конфликтот<br>2. Се повикува обезбедувањето на училиштето<br>3. Останатите ученици кои не се вклучени во инцидентот се упатуваат во училниците<br>4. Учениците вклучени во инцидентот се упатуваат во канцеларијата на педагог/психолог или помошник директор<br>5. Се повикуваат родителите<br>6. Доколку ученик има повреда се повикува службата за Итна пошош | - ученик<br>- наставник<br>- педагог/психолог<br>- директор<br>- родител |
| **4. Пријавување на случај на булинг од ученик/ци врз ученик** | 1. Ученик може да пријави случај на малтретирање кај наставник, класен раководител, педагог/психолог<br>2. При пријавувањето се води  евиденција за доставените информации, на истите ученикот може да се потпише во вид на Изјава или дојавувањето да биде сосема анонимно<br>3. Се повикува ученикот кој е посочен во случајот за малтретирање и реализира разговор | - ученик<br>- наставник<br>- педагог/психолог<br>- класен раководител |
| **5. Доставена информација до наставник, педагог/психолог за најавено насилство врз ученик во училишниот двор или непосредна близина** | 1. Наставникот го пријавува случајот кај педагогот/психологот доколку прв ја добил информацијата или до  класниот раководител<br>2. Наставникот, психологот/ педагогот се упатуваат на лице место за да интервенираат по потреба<br>3. Ученик/ци кои се вклучени во инцидентот се повикуваат во стручната служба на разговор<br>4. Доколку е посериозна заканата се повикуваат родителите на учениците кои се вклучени во инцидентот | - ученик<br>- наставник<br>- педагог/психолог<br>- класен раководител |
| **6. Вербално малтретирање, задевање,** | 1. Наставникот реагира на лице место на ситуацијата додека истата се случува, се повикува ученикот кој | - ученик |

| | | |
|---|---|---|
| **употреба на погрдни/шегобијни имиња или навреди за време на час од ученик/ци кон ученик** | упатува несоодветни зборови да запре однесувањето и се извини<br>2. Доколку ученикот не го прекине несоодветното однесување се упатува кај психологот/педагогот од страна на наставникот<br>3. Забележаното вербално малтретирање доколку е репетитивно може да го пријави наставник, соученик или ученикот кој трпи до класниот раководител или психологот/педагогот во училиштето<br>4.Се реагира со предвидените постапки според постоечкиот Протокол за реакција во случај на насилно однесување | - наставник<br>- педагог/психолог<br>- класен раководител |
| **7. Настаната незгода или физичка повреда во Спортската сала или спортското игралиште** | 1.Наставникот на- лице-место интервенира со изолирање на ученикот/ката кои се инволвирани во незгода/повреда<br>2.Се повикува обезбедување/прва помош/стручна служба според потребите на конкретната ситуација<br>3.Во случај на настаната физичка повреда се повикува лице од стручната служба да го придружува ученикот/ката со соученик/ка по избор на повредниот ученик/ка со екипата од Брза помош – се повикуваат и информираат родителите на повредениот ученик/ка – се утврдуваат причините и условите под кои настанала незгодата или повредата | |

Документи во фаза на подготовка и изготвување:

☐ изготвување на Правилници за корекција на несоодветно однесување во високо-ризичните области и делови

*Анти – булинг програма  на СУГС гимназија ,, Никола Карев”*

☐ изготвување на про-социјалнии неказнувачки стратегии

☐ интервентен план за помош на учениците кои се жртва на булинг

☐ интервентен план за помош на учениците кои малтретираат

☐ процедури за истрага на гласини и непотврдрдени кажувања

☐ Интервентен план за помош на ученици кои се жртви на булинг